Д О:
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71, став 1 од Уставот на Република С. Македонија (1991) и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (2008) – поднесуваме *Предлог-закон за изменување на Законот за пратениците*, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

______________________ ________

______________________ ________

ПРЕДЛАГАЧИ: **Димитар Апасиев –** пратеник од Левица
**Борислав Крмов –** пратеник од Левица

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ
## ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,
април 2021 год.

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со *Законот за пратениците* (Сл. весник на РМ бр. 84/2005 и 161/08, 51/11, 109/14, 140/18, 27/19) се уредуваат прашањата на извршувањето на функцијата партеник, како и правата и должностите на патенците во Собранието на РМ.

Предложеното законско решение уредува наместо досега утврдените 20% од продажната цена на еден литар гориво, пратениците да добиваат надоместок од само 5%. Тоа, во пракса, би значело дека за поминати 400 километри досега пратеникот добиваше околу 4.800 денари, а со измената ќе добива околу 1.200 денари – што е за три пати помалку од претходно! Ова, de facto, би значело сведување на патните трошоци на пратениците во висина на цена на редовен автобуски билет.

Предвидената и планирана битна измена на законот е сублимат од поправичната уредност на оваа правна област во некои од земјите-членки на ЕУ. Дополнително, потребата од ова законско решение е поради досегашните енормни суми на надоместоци кои им се исплатени на пратениците во Р. Македонија. Па така, историско-компаративната анализа за просечните исплатени патни трошоци за пратеник направена за регионот на Југоисточна Европа и Западен Балкан (Македонија, Словенија, Бугарија, Хрватска и Косово), во периодот 2010–2016, говори дека македонски пратеник просечно земал вкупна сума од ок. 40.000 ЕУР патни трошоци – сума која е за 4.000 ЕУР повисока од сумата која му е исплатена на пратеник во Словенија; 21.000 ЕУР повисока од сумата која му е исплатена на пратеник во Бугарија; 28.000 ЕУР повисока од сумата која му е исплатена на патеник во Хрватска и 34.000 ЕУР повисока од сумата која му е исплатена на пратеник во Косово!

Понатаму, за деветмесечниот период од март до ноември 2017, во топ десет пратеници кои земале најголема сума на патни трошоци се следниве: (1) Алија Камбероски од ПЕИ – 12.847 ЕУР; (2) Мира Стојчевска од СДСМ – 11.736 ЕУР; (3) Лилјана Затуроска од ВМРО-ДПМНЕ – 11.435 ЕУР; (4) Сурија Рашиди од АА – 11.164 ЕУР; (5) Александар Кирацовски од СДСМ – 11.065 ЕУР; (6) Зоран Илиоски од ВМРО-ДПМНЕ – 10.946 ЕУР; (7) Васко Ковачевски од СДСМ – 10.885 ЕУР; (8) Емилија Александрова од ВМРО-ДПМНЕ – 10.730 ЕУР; (9) Јагода Шахпаска од СДСМ – 10.588 ЕУР; и (10) Јован Митрески од СДСМ – 10.424 ЕУР! Додека, пак, во истиов овој период, само за првите топ 20 пратеници по исплата на патни трошоци, се излеале неверојатни 210.000 ЕУР!?

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои е заснован основниот текст на Законот за пратениците.

Целта на предлог-законот е да се намалат трошоците од Буџетот на Република С. Македонија, како и зголемување на заштедите на одредени буџетски финансиски средства кои се даваат на име „патни трошоци“.

Предлог-измената одговора на реалните потреби и барања и истиот ќе овозможи пратениците кои живеат надвор од главниот град, и понатаму непречено да одговорат на своите работни обврски, а притоа истите да не се стекнуваат со нереално големи суми на име патни трошоци.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон, не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства. Напротив, според наши проценки – на годишно ниво би се генерерирале заштеди во државниот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни никакви дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## V. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Согласно чл. 170, ст. 1, ал. 1 од *Деловникот на Собранието на Република Македонија*, од причина што не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

## VI. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ

Реалната потреба од носење на ваква измена е темелена на извршена комаративна анализа од Парламентарниот институт при Собранието на РМ за истата област и тоа во:

- Велика Британија – предвидено е пратенициите да можат да поднесат барање за патување со јавен превоз, приватен превоз, такси или за изнајмување автомобили (на лизинг). Надоместокот е ограничен на износот на цената на билетот за економска класа.
- Романија – предвидено е пратениците да можат да користат бесплатен јавен превоз, а доколку не користеле јавен превоз тие за користење на сопствено возило ќе добијат еквивалент на 7,5 лири гориво на поминати 100 километри, максимум за едно патување неделно.
- Холандија – пратениците може да изберат помеѓу годишна картичка за јавен превоз или да добијат надомест за патни трошоци до максимум 0,16 ЕУР за километар (заб. цената на литар гориво е околу 1,50 ЕУР).

Издвоените примери од овие три земји посочуваат дека во побогатите земји-членки на ЕУ, јавниот превоз за пратениците е бесплатен! И тоа е одредба која е со цел да ги одврати од намерата за користење на сопствено возило. Дополнително им се дава можност за користење на сопствено возило со надомест, но тој надоместок е дури и понизок од надоместокот предвиден кај нас, иако сме далеку посиромашна земја.

Така, на пример, споредбената анализа ни покажува дека во Холандија, на изминати 100 km пратеникот би добил 16 ЕУР (околу 950 денари) наодместок, што е помалку за 300 денари од кај нас, плус на тоа додадена разликата во цена на горивото кое во Холандија е скоро 90 денари за литар.

Во Романија, можноста за користење на сопствено возило е ограничена на само еднаш во неделата, бидејќи на пратениците им е овозможено користење на бесплатен јавен превоз (автобуски или железнички). За тоа еднодневно користење на сопствено возило се исплаќа надоместок во висина од 450 ден. (со оглед дека цената на горивото е скоро иста како кај нас) за поминати 100 km, а тоа е разлика од 800 денари споредбено со РМ.

Во Велика Британија надоместокот е ограничен на износ на цената на билетот за економска класа, а тоа целосно ги оправдува нашите предложени измени.

**ПРЕДЛОГ–ЗАКОН**
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ

Член 1

Во Законот за пратениците („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2005, 161/2008, 51/2011, 109/2014, 140/2018 и 27/2019), во членот 31, став 1, алинеја 7 зборовите: „во висина до 20%“ се заменуваат со зборовите: „во висина до 5%“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување на Законот за пратениците е мошне краток и содржи само два члена.

Со членот 1, со кој се менува членот 31, став 1, алинеја 7, се предвидува намалување на досегашните 20% од продажната цена на еден литар гориво, и се предлага пратениците да добиваат надоместок до максимум 5%.

Со членот 2, се определува вообичаеното и уставно предвидено влегување во сила на законот (т.н. vacatio legis).

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени на Законот за пратениците ќе овозможи значително намалување на средствата за надомест на патните трошоци што им се исплаќаат на пратениците што живеат надвор од Скопје, кои патуваат со сопствени возила. На тој начин ќе се заштедат значителни сума пари од Буџетот на РМ и че се намалат неоправданите привилегии кои ги уживаат пратениците, наспроти другите работници. Очекуваните резултати е дека со ова ќе се унапреди еднаквоста во правата од работен однос кои ги уживаат вработените, било од јавниот, било од приватниот сектор.

**ИЗВОД**

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПОСТОЈНИОТ ЗАКОН ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ СО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

## 4. Други лични примања и надоместоци на трошоци

### Член 31

Пратеникот има право на други лични примања и надоместоци на трошоци за:

- селење од местото на постојано живеалиште во местото каде што ја врши функцијата пратеник,
- стручно усовршување и образование,
- погребни трошоци во висина на просекот на двете последни плати на починатиот пратеник,
- дневница за службено патување во земјата без трошоци за ноќевање до 4% од просечната плата по работник исплатена во стопанството на Република Македонија во претходните три месеца,
- трошоци за ноќевање кои се признаваат според приложената сметка, освен во хотелите од Де лукс категорија,
- дневница за службено патување во странство,
- надоместок за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели, во висина од 20% од продажната цена на еден литар гориво, според изминатиот километар за возилото кое се користи,
- надоместок за закупнина на стан,
- надоместок за одвоен живот од семејството, кој изнесува 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеца и
- отпремнина при заминување во пензија во износ од две просечни месечни плати, остварени во претходните две месеца.

Условите и начинот за утврдување на висината на износот за остварување на личните примања и надоместоци на трошоци, утврдени со овој закон, како и нивната примена ги определува Собранието, односно надлежното работно тело на Собранието.